

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претставиме* имињата, *зборовите, изразите, називите, термините... кои се во „Библискиот речник“: од името Давид – возљубен, или според вавилонскиот јазик главатар, до терминот* Ѓакон - *помагатели во* *црковната дејност кои во раната црква биле седум на број***

**Давид-** *возљубен,* или според вавилонскиот јазик *главатар.* Припадник на Јудиното племе, кој како младо момче ги пасел татковите овци, додека браќата негови се бореле против Филистејците. Го убил Голијат, филистејскиот џин. Станал цар на Јудеја и Израел околу 1000 г.пр.И.Х. Бил помазан од Самуил за наследник на царот Саул. Водел големибитки за својот народ, бил познат по храбростаи великодушноста кон поразените непријатели, а посебно по дарбата за пеење и свирење. Пред да стане цар, му свирел и го забавувал царот Саул. Најголемиот дел од Книгата на псалмите се негово дело. Го презел Ерусалим од Евусејците. Имал многу деца и жени, а го наследил неговиот син

Соломон. Во времето на Христос се очекувало дека Месијата ќе биде потомок на Давид, па изразот „Давидов син" станал една од Христовите титули (Мт 15,22; 20,30; Мк 10,47; Лк 18,38; Мт 21,9).

**Дагон** - Даг на еврејски *риба,* 1) бог почитуван од Филистејците по населувањето во Ханаан (Суд 16,23; 1 Царб, 1-5; 1Лт10,10).2) змија, ламја - чудовиште во еврејските митови (Откр 20,2).

**Далида** - *разбранети кадрици ,* убава Филистејка, која го издала својот љубовник Самсон Израелецот. Им ја открила на неговите непријатели тајната дека неговата снага се крие во неговата коса и така бил поразен (Суд 16).

**Далмација** - римска покраина од 10 г.пр.И.Х. Според 2 Тим 4,10 таму патувал Тит. Неизвесно е дали Илирик во Рим 15,19, исто така, ја означува Далмација. Ако се прифати тоа гледиште, тогаш апостолот Павле и таму проповедал.

**Дамаск** - еден од најстарите градови на светот, основан пред 6000 години, на плодно земјиште во Сирија, меѓу големите планини и пустината. Веројатно Аврам го посетил. Давид ги поразил неговите жители. Асирците го освоиле во 732 г.пр.И.Х., а подоцна преминал во рацете на Римјаните (64.г.пр.ИХ), за конечно да падне во рацете на Арапите. Апостол Павле кога одел за Дамаск во визија го видел Христос и потоа престојувал во тој град во домот на Ананија (Дап 9,1-25), што укажува на постоењето на силна христијанска заедница.



[illegible]


1 DINAR
دينار
VERGILIVS





Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И СЛАВЕ КАТИН**